**УДК 308(497.7)**

**Змаго Шмитек (Словенија)**

# МАКЕДОНИЈА ВО ЗАПИСИТЕ НА АНТОН КАПУС

*Апстракт:* Антон Капус (Anton Kappus, 1895–1959) во различни краишта од Македонија живеел како воен и цивилен службеник во периодот помеѓу 1923 и 1941 година. Во словенечките списанија и ревии објавил околу 100 популарно-научни текстови за етнографијата, географијата и историјата на Македонија, како и за ловот и риболовот таму. Неговите текстови имаат документарна вредност, а посебно се интересни неговите податоци за словенечките иселеници во Македонија.

*Клучни зборови:* Македонија, словенечки иселеници, етнографија, географија.

Интересот за македонските состојби во централна и западна Европа се појавил по Руско-турската војна и Берлинскиот конгрес (1878). Тогаш соседните земји, Србија, Бугарија и Грција, започнале да ја делат и да ги поттикнуваат верските и етничките поделби. Овие случувања оставиле траги, исто така, и во словенечката историја. Во Пиринска Македонија, во востанието против османската власт во 1878 и 1879 година учествувал и словенечкиот доброволец Мирослав Хумбаер, кој застанал на чело на штабот на бунтовничките сили. За време на Илинденското востание (1903) индивидуалци во Словенија собирале помош и одржувале врски со востаниците и со бегалците од Бугарија. Треба уште да се споменат доброволците во Србија во времето на Балканските војни, како и оние пред Првата светска војна (Солунскиот фронт).

Во тоа време етнологот и антрополог Нико Зупанич ја објавил научната расправа за Македонија (Zupanič 1904: 71–101). Утврдил дека е населена со различно население од Балканот, кое на сразмерно малиот простор го сочинува „*најшареноликиот мозаик што воопшто може да се пронајде во светот*“. Исто така, укажал дека литературата за етничкиот состав на Македонија „*се одликува повеќе по многубројноста отколку по вредноста и нејзината објективност*“. Таквата ситуација била резултат на ривалството на соседните народи и нивните освојувачки аспирации. „*Оттука има толку многу публикации, кои се, дури, опремени со критички апарат, кој би требало да ја прикрие неоснованата тенденциозност, но бистрото око веднаш ја препознава во нив лажната светлина, така што од објективно стојалиште мора да ги отфрли*“ (Zupanič 1904: 71–72). Понатаму тој ја опишал историјата,

културата и етничката структура на населението; притоа, се потпрел, пред сè, на истражувањата на антропогеографот Јован Цвииќ. Посебно внимание им обрнал на македонските Словени така што дискутирал за нив и од гледна точка на нивните физички антрополошки карактеристики, но исто така и од јазична гледна точка. На крајот, тој истражувал и споредувал статистички податоци за одделни категории население. Подоцна словенечката јавност била добро информирана за текот на Балканските војни, меѓу другото, и преку книгите на Антон Безеншек, како и коавторите Антон Сушник и Винко Шарабон (Bezenšek 1913, Sušnik, Šarabon 1914).

Доказ за тоа дека, покрај политичкиот, започнал да се создава, исто така, и научен интерес за Македонија бил проектот на младиот словенечки славист и лингвист Ватрослав Облак, кој во почетокот на ноември 1891 година, со стипендија на Виенскиот универзитет, се упатил во Македонија. Негова цел било да се проучат македонските дијалекти и да се потврдат претпоставките на неговиот професор Ватрослав Јагиќ дека словенските говори од околината на Солун од средината на 9 век биле основата на стариот црковнословенски јазик (Kurkina 1998: 13–21). По напорното патување со воз преку Белград, во средината на ноември, тој пристигнал во Солун. Првиот впечаток на В. Облак за овој „*егејски бисер*“ не бил толку поволен: „*Нема ништо европско, ниту еден познат човек со кого би можело да се поразговара; ако не би имал каква било одговорност, уште одамна би побегнал од тој питом ориент*“ (Cvirn 2009: 117). Лошо мислење имал за жителите на Солун, како и за населението во околните села. Поради лошите безбедносни услови морал, уште на почетокот, да го ограничи опсегот на своите планирани патувања. Уште пред да се упати во внатрешноста на Македонија, турските власти го обвиниле за шпионство и за „панславистичка агитација“ така што му ја оневозможиле натамошната работа. Во почетокот на март не му преостанало ништо друго освен да се врати назад во Виена. Резултатите од неговото истражување, и покрај сите пречки, биле задоволителни и толку значајни што биле објавени во известијата на Виенската академија на науките (Oblak 1896: 1–156).

Пред Првата светска војна, при изградбата на железничката пруга во Крањската покраина, биле вклучени голем број македонски работници (Sorč 2006), додека, пак, по создавањето на Кралството Југославија условите се преобразиле во сосема друга насока. Тогаш, великосрпските власти, заради асимилациски и, делумно, заради стратешки намени населувале во Македонија (тогашна „Јужна Србија“) колонисти од сите делови на државата, меѓу нив исто така и Словенци. Нивна најважна населба било селото Бистренци на Вардар, во кое во средината на 1932 година навистина живееле 26 луѓе, иако нивниот број постојано се менувал поради иселувањата и новите доселувања. Некои

од нив дури и го прифатиле православието и си ги промениле своите презимиња (Rusić, Novak 1973: 177–202). Според пописот од 1931 година, во Вардарската бановина имало 1493 доселени Словенци што биле родени во Дравската бановина, додека сите други по потекло биле од други места на Словенија, пред сè од приморјето (Kržišnik-Bukić 1992: 177). Според податоците на Скопската епархија од 1939 година, во Македонија живееле околу 4000 Словенци. Епархијата во тоа време ја водел Словенец, Јанез Франчишек Гнидовец, а словенечки и хрватски језуити во тоа време во Скопје ја воделе, исто така, и гимназијата.

Во оваа историска рамка може да го сместиме и животниот пат на Антон Капус (Anton Kappus) во Македонија. Капус бил роден на 2. 6. 1895 година во старо, благородничко семејство, во селото Камна Горица на Горењско. Студирал право на виенската Терезијанска школа, а дипломирал во Загреб. Како приправник бил вработен во судот во Кочевје. За време на Првата светска војна, како австриски војник бил испратен на италијанскиот фронт. Зачувани се два тома од неговиот дневник од тој период, како и некои фотографии. Во списанието *Ловец* и во неделниот прилог на весникот *Јутро* ги објавил автобиографските записи од бојната линија кај Ромбон. По војната стапил во југословенската војска и, најпрво, службувал во Босна. Во почетокот на јули 1923 година бил преместен во Скопје. Дотогаш за Македонија не знаел многу, а „Македонците“ за прв пат ги сретнал во Јесенице и во Бохињ во текот на изградбата на бохињската пруга. По една година живеење во новата околина запишал: „*Не си мислев, /.../ кога го поминав прагот на градот на цар Душан, дека толку брзо ќе се навикнам на неговото македонско-ориентално значење, на несредените улици, полни со прашина и со кал, на неподносливата жештина и уште на некои други слични непријатности. Што нема да стори љубопитноста за спознавање нови ситуации, нови предели и природата! Иако уште од мали нозе по белиот свет, никогаш не ме уплашил првиот впечаток како што тоа го направи врз мене Скопје*“ (Kappus 1924a: 336). Во друга прилика кон ова додал: „*Кога пристигнав во Скопје, за среќа, сè уште го имав босанското искуство, така што градот не ми се причини толку туѓ колку што, всушност, очекував. Со луѓето, пак, беше сосем поразлично. Поинаков душевен склоп, начин на живеење, недоверба спрема ’дојденците‘ и уште многу други работи – сето ова го попречуваше воспоставувањето поблиско познанство*“ (Kappus 1953: 173).

Така, на почетокот се дружел, пред сè, со роднините. Меѓу нив го споменува пријателот Ковач, кој го придружувал на ловечките излети и со него плетел мрежи и врши за ракови, извесен Сајовец, шапкарот – мајстор Андреј од Домжале, ветеринарскиот полковник д-р Иван Кебр и „славниот музикант“ Емил Адамич. Бил поврзан и со Франце Месеснел, кустосот во Музејот на Јужна Србија во Скопје, кого го придружувал на

прошетките по различните македонски историски споменици, како фотограф. Скопските Словенци се собирале во гостилницата „Ислахана“ во градскиот парк, таму каде што растеле некои веќе исушени борови и елки, кои ги потсетувале на нивната татковина. Во поблиската околина на градот тогаш немало вистински шуми, а ридовите биле со оголени падини. Затоа, првите излети ги организирале во Тетово, оддалечено речиси 50 километри по теснолиниската пруга што ја изградиле Германците, што значело повеќе од пет часа напорно возење и повеќе од три часа пешачење. Сето тоа само за да можат да уживаат во шумата (Kappus 1953: 173–174).

Во август 1924 година Капус бил преместен во Штип како „судски капетан II класа“ во штабот на Вардарската дивизија. Таму ја запознал Магдалена/Магда Хаџи Пецова, девојка од православно, трговско семејство, во „Стариот конак“. Нејзините родители се занимавале со винарство, како и со одгледување памук и опиум за фармацевтската индустрија. Мајката на Магда, освен тоа, се занимавала со свиларска дејност и со изработка на свилени и памучни ткаенини. Покрај Магда, во семејството имало уште 14 други деца. Антон со неа, во еден месец, се верил и се оженил. Свадбата се одржала на 25 јануари 1925 година во православната црква; дури подоцна се одлучиле за католичкиот обред. Во Штип им се родиле синовите Борис (14 ноември 1925 г.) и Игор (15 февруари 1927 г.), а во Скопје ќерката Јелена (11 јануари 1932 г.). Сопругата на Антон повеќепати го подготвувала својот маж за службени патувања по македонските села, додека пак таа останувала дома да се грижи за семејството. Додека учеле во гимназијата во Охрид, синовите Борис и Игор живееле во интернат.

Во есента 1926 г. Антон поради болест (маларија што ја добил на своите ловечки походи по реката Брегалница) се вратил на неколкумесечен одмор во Камна Горица. Маларијата, според раскажувањето на ќерка му Јелена, ја преболел уште во текот на Првата светска војна кога бил во поречјето на реката Пијава. Сепак, боледувал и по враќањето во Штип, во текот на јануари, февруари и март 1927 г., што веројатно придонесло за негово повторно преместување во Скопје (Kappus 1933: 198). Таму останал како службеник во воениот суд сè до пролетта 1930 г., а од март истата година бил на служба во Качаник. Се одлучил да премине во цивилна служба, така што од 1932 г. работел како бански советник во Скопје, а од 1937 г. во Струга на Охридското Езеро, па од 23 декември 1939 г. во Ростуше, и на двете места како околиски началник. Во овој динамичен период низ своите службени и ловечки патувања ги запознал речиси сите делови на Македонија.

Во Штип Капус се дружел со чешкиот заболекар Бохуш Фрич, кој исто така бил ловец и со својот форд ги возел пријателите по Овче Поле, по Злетовската Река и во другите ловишта. Интересно е дека во

ловциската дружина бил и шеикот Мустафа, старешина на дервишкото братство во Шарената текија во Штип. Од Качаник известува дека го посетувале чешки, германски и француски туристи и истражувачи. Во мај 1936 г., во трпезаријата на манастирот Св. Богородица во селото Шишево покрај реката Треска, случајно се сретнал со ловечкиот писател, новинар и фотограф, грофот Франц Зедвиц (Franz Graf Zedtwitz) од Берлин, кој пред тоа го посетил ловиштето на баронот Борн во Словенија. Бил вработен во познатата издавачка куќа Улштајн (Ullstein) за која подготвувал книга за Балканот (Zedtwitz 1937). На иницијатива на Капус, уште следниот ден, грофот Франц Зедвиц присуствувал како гостин на селската слава во манастирот Свети Никола во Шишево. Таму направил „повеќе исклучително убави фолклорни фотографии“ и му подарил копии на Капус (A. Kappus 1937a: 60).

Во период од речиси една година Капус ја прочитал книгата на Франц Зедвиц и вака ја оценил: „Речиси целата книга ’Волшебниот Балкан‘ е полна со неточни податоци, но е, пак, многу убаво опремена – првокласна пропагандна книга, напишана од човек што сè уште, очигледно, нè гледа низ скептичната и критичната призма на ’висококултурен нордиец‘“ (Kappus 1938a: 69).

Капус, исто така, во текот на неговиот престој во Ростуше одел по блиските планини на лов. Во една таква прилика со придружниците од Белград повторно го посетил Галичник. Потоа ја запишал и приказната за членката на таа група, за една приморска Словенка: нејзиното семејство во 1923 година се преселило во Босилеград, од каде што нејзиниот татко бил преместен, како околиски шумар, во Хомољските Планини, на границата помеѓу Србија и Бугарија. Бидејќи бил совесен и строг, се замерил со домаќините и, во ноември 1939 година, бил убиен од страна на ајдучкиот војвода Бабеиќ. Вдовицата и ќерката потоа се преселиле во Белград (Kappus 1947: 253). Така, Капус ни зачувал уште еден запис за судбините на словенечките иселеници во јужната југословенска покраина. Тој самиот, пак, сè повеќе се дружел со Македонците, така што брзо го научил нивниот јазик, особено заради тоа што имал многу работи да заврши на село. Така тој знаел за Галичник, кој го споменува во претходната статија, уште од времето кога од таму купувале овчарски пци за војската (Kappus 1937b: 326). Дека Капус се судрил со локалното насление, зборува и еден вистински инцидент што тој го опишал, а се случил уште на самиот почеток на неговата служба во Македонија. Кон крајот на септември 1924 г., заедно со пријателот Ковач и со уште еден друг ловџија, се упатил кон Скопска Црна Гора на лов. Во полето забележале две големи овчарски кучиња, и Капус пукал во едното од нив. Иако не го погодил, нешто подоцна некој од домаќините од заседа пукал и го ранил Ковач, но за среќа не смртно (Kappus 1924a: 338). Овчарите, исто така, не гледале благонаклонето кон

ловџиите, па често пати ги насаскувале кучињата по нив, така што често пати морале да бегаат. Некој влашки овчар го пријавил Капус на суд обвинувајќи дека му го застрелал песот, но го изгубил спорот бидејќи било заклучено дека дејствието било извршено во самоодбрана (Kappus 1934а: 379).

Таквите „блиски средби“ можеле, исто така, да бидат уште позабавни: по завршениот лов во Овче Поле, Капус го посетил селото Павлешенци, во август 1924 г., заедно со други ловџии од Штип, меѓу кои биле еден ветеринар, трговец и пекар. Биле опкружени од селаните, кои се восхитувале на нивното оружје, облека и плен. Околискиот началник им ги објаснувал предностите на европската култура, на што еден од домаќините рекол: „Е, господине началниче, ние сме будали, не знаеме како да спиеме, не знаеме да јадеме, да работиме во куќите, не сме културни, ние сме говеда – а вие сте наши браќа“ (Kappus 1927а: 263).

Како голем љубител на природата Антон Капус се посветувал на ловот и на риболовот и затоа се зачленил во Сојузното здружение на ловџиите во Скопје. Во *Ловец*, во 1924 г., известувал за активностите на Здружението што било основано во 1921 г., кое во времето на пишувањето имало, само од мештаните, повеќе од 200 членови. Тогашен претседател на Здружението бил адвокатот Димитриевиќ. Членовите се залагале за усогласување на интересите на членството, но исто така и за надзорот над количините на уловот. Така, во 1924 г. го забраниле ловот во некои краишта на десниот брег на реката Вардар со оглед на тоа што таму дивечот бил речиси истребен. Капус се сомневал во ефикасноста на уредбата, па запишал дека „*речиси секој македонски селанец има скриен некаков стар или нов пиштол во својата колиба и понекогаш си посакува дивеч во лонецот. Овчарите и така редовно поставуваат замки за еребици и камењарки, без разлика дали за тој крај постои забрана или не*“ (Kappus 1924b: 401).

Здружението во Скопје имало свој угостителски локал „Казино кај ловец“. Во него се собирале членовите на разговори „*со шолја црно кафе и млако пиво*“. Секоја година во периодот пред пустот* приредувале ловечка забава, а при отворањето на ловната сезона (по 25 јули) организирале свечен заеднички лов. На таков лов во 1924 година учествувале повеќе од 80 ловџии, меѓу кои, според расказите на Капус, имало припадници „*на сите народни слоеви, од парталави селани од турските маала па сè до господа и директори на некои од скопските банки*“ (Kappus 1924б: 402). Поради прекумерниот лов (дури ниту на

* Пустот го зафаќа периодот пред започнувањето на христијанскиот пост пред Велигден и се карактеризира со организирање на обредни поворки со маски со специфични карактеристики во различни краишта од Словенија. Пусниот период се карактеризира со изобилно консумирање пијалаци и мрсна храна (заб. на прев.).

регистрираните ловции не им биле пропишани квоти за отстрел на дивеч), како и поради различните болести и условите во околината, уште во времето кога Капус бил во Скопје, многу се намалил бројот на животните за лов (Kappus 1934b: 12–14).

Во еден од своите прилози објавени во *Ловец*, Капус го споменува и Карл Мај и неговите книги „*По земјата на Шкипетарите*“, „*Во планините на Балканот*“ и „*Жолти*“. Очигледно ги прочитал веднаш по излегувањето на нивните преводи на словенечки јазик (May 1932). Во една од епизодите германскиот автор опишал како помеѓу реките Треска и Вардар, заедно со својот придружник и помошник Халеф, уловил голема мечка. Ова, се разбира, било поттик за авантуристичкиот дух на Капус, така што и самиот тој ја прошетал целата земја и во должина и во ширина. Утврдил дека картографските податоци се точни само во првиот дел од книгата; затоа сметал дека Мај не патувал преку Вардар и дека краиштата од другата страна на реката ги опишувал според информации од втора рака (Kapuss 1935a: 159–161).

Во сезона кога немало лов, во текот на пролетта и летото, Капус се занимавал со риболов. И на ова подрачје наброил богати искуства. Сам ловел со трска, но очевидно брзо се научил и на локалните специфичности во риболовот. По воениот виор, кој во Македонија траел од 1912 до 1928 година, во магацините останало огромно количество бомби и други експлозиви, а еден голем дел од тоа пронаоѓале и селаните на просторот на некогашните бојни полиња. Затоа рибите повеќе ги ловеле со динамит, на малите потоци ги мамеле со „рибја трева“, а на Црни Дрим јагулите ги ловеле со едноставните прегради „даљани“. За сето ова пишувал во *Рибарско-ловечкиот весник* (Kappus 1937: 130).

Значителен дел од неговата ракописна оставина претставуваат текстовите со географска тематика. Значајни прилози од овој вид се: *На Љуботен, највисокиот врв на Шар Планина*, *На Солунска Глава*, *Катлановско Езеро*, *Од Охридското Езеро*, *За шарпланинските овчари*, *На Дрим* и сл. (1928, 1929, 1934a, 1934c, 1938, 1938b). Намената на овие текстови, меѓу другото, била зголемување на интересот на словенечките туристи, ловци и планинари за Македонија.

Го интересирале, исто така, историските раскази за регионот. Притоа, за него биле многу корисни личните контакти со Франце Месеснел. Франце Месеснел од 1928 година работел како кустос во Музејот на Јужна Србија во Скопје и ја проучувал средновековната уметност и заштитата на спомениците. Во 1931–1932 година ги водел ископувањата кај Суводол во близината на Битола. Во 1930 година станал дописен член на „Скопското научно друштво“ и истата година хонорарен предавач, а во 1933 година доцент по историја на уметноста на скопскиот Филозофски факултет. Најверојатно под негово влијание

Капус во текстот за Качаник споменува римски надгробни споменици и други историски споменици: качаничката џамија, блиската текија именувана по Муса Кесеџија и урнатините на христијанските цркви. Во истиот текст посветил внимание на описот на животните и културните карактеристики на селата во околината на Качаник, како и на други стопански, образовни и фолклорни прашања. Го споменал и небрежниот однос на тамошните албански селани кон околината, на пр. уништувањето на шумите со нивно сечење и со напасување на козите низ нив (Kappus 1931a: 179–184, 214–223). Во една опширна статија ја разгледувал историјата на Штип (Kappus 1927b: 933–940).

За етнолошките важности на Македонија објавил серија статии како прилози на понеделничниот весник *Јутро*, кои се нарекувале *Живеење и свет.* Така, на пример, пишувал за општествената положба на жените, за бременоста и породувањето (Kappus 1927c: 964–968). Подробно ги опишал обичаите околу стројувањето, подготовките за свадба, текот на свадбата, исто така, и за грабнувањето невести што тогаш уште било познато како појава во оддалечените планински села. Притоа, ги објаснил уште и појавите – побратимство и крвна одмазда (Kappus 1927d: 1000–1005). Интересни се неговите известувања за обредот на обрежување (Kappus 1931b: 255–258), за курбаните (Kappus 1935b: 460–463), за криптокатолиците во Скопска Црна Гора (Kappus 1936a: 243–245, 259–260), за „турските Цигани“ (Kappus 1936b: 316–318) и за различните празнувања по селата во Македонија (1932, 1938, 1939).

На ловџиските и риболовските излети носел фотоапарат и нотес за запишување. Неговите отпечатени статии речиси секогаш биле обезбедени со негови фотографии. Голем дел фотографска граѓа била зачувана кај сродниците, еден дел дури и на стаклени плочки. Почесто тоа биле семејни фотографии од различни семејни настани, но исто така и снимки на пределите, селска и црковна архитектура, слики од лов (повеќекратно во придружба на двата сина) и од риболов, на пример, лов со мрежи и со прегради на Охридското Езеро. Дел од овие фотографии е возможно да се идентификуваат со споредување со објавените, кои секогаш се проследени со објаснение. Всушност, во техничка смисла тоа не се првокласни и композициски направени фотографии, но секако дека се добредојдена документација на едно, сега веќе одминато време.

Мирното живеење на Капусовото семејство го прекинала Втората светска војна. Првите тешкотии се појавиле по италијанското запоседнување на Грција. Потоа следело и затворањето на грчката и на албанската граница, регрутациите во војска, напнатост и немири. На Велјасабота, на 12 април 1941 година, преку границата кај Струга влегле Италијанците, а германските тенкови се движеле по патиштата од Гостивар кон Дебар (Kappus 1953: 181). На Цветна недела Германците го запоседнале Скопје и им ја предале областа на Бугарите.

Југословенската кралска војска капитулирала и се распаднала. Антон отпрво бил во заробеништво во Битола, а потоа се одлучил со семејството да се пресели во Словенија. Подоцна запишал: „*Исто и кај мене, во периодите на повеќекратно живеење во туѓина, се случи да се појават знаци на носталгија за татковината, станав тажен, занесен, со лоша волја. Ме влечеше назад кон родниот крај, за нашето мило Горењско*“ (Kappus 1959: 84).

Со последниот железнички транспорт и со нешто малку од имотот Капусови пристигнале во Поднарт и потоа до Камна Горица. Таму, најпрво околу половина година живееле во куќата на Капус, а потоа до крајот на војната кај Магушарјеви во Радовлица. Антон се надевал дека ќе добие работа во судот во Радовлица, но, очевидно поради политички причини, тоа не се случило. Кај германските власти имал лоша репутација и, во текот на 1942 година, поради вербален деликт бил, одредено време, затворен во Бегуње. За да се спаси од притисоците, се вработил како преведувач на списанието *Karawanken Bote*, кое се објавувало во Целовец (Клагенфурт). По крајот на војната добил стан во еден блок на Прешерновата улица во Радовлица, кој Германците го изградиле за своите службеници, ама своите простории морал да ги дели и со други станари. Променил повеќе служби, а на крајот бил вработен во службата за социјално осигурување во Јесенице. Умрел на 3 октомври 1959 година. Неговата жена долго го надживеала (до 5 декември 1995 година), а и двајцата се погребани на гробиштата во Камна Горица.

**Користена литература:**

Bezenšek Anton, Balkanska vojska po bulgarskih, srbskih, črnogorskih in drugih virih ter po lastnem opazovanju, Družba sv. Mohorja v Celovcu 1913.

Cvirn Janez, „To so dvonogate, kričeče in smrdljive bestije: Oblakovo potovanje v Makedonijo 1891/92“, во: Acta Histriae 17 (2009), št. 1-2, стр. 117.

Kappus Anton, „Leto dni nedeljski lovec in ribič v Skoplju“, во: Lovec 1924a, стр. 336–340.

Kappus Anton, „Savezno lovačko udruženje u Skopju“, во: Lovec 1924b, стр. 400–402.

Kappus Anton, „Po bregalniški oblasti“, во: Lovec 1927a, стр. 260–265.

Kappus Anton, „Štip, mesto komitaških spominov“, во: Življenje in svet 1927b, knj. 2, стр. 933–940.

Kappus Anton, „Kako živi makedonsko ljudstvo", во: Življenje in svet 1927c, knj. 2, стр. 964–968.

Kappus Anton, „Ljubezen in ženitev v Makedoniji", во: Življenje in svet 1927d, knj. 2, стр. 1000–1005.

Kappus Anton, „Na Ljuboten, najvišji vrh Šarplanine", во: Življenje in svet 1928, knj. 4, стр. 370–373.

Kappus Anton, „Katlansko jezero", во: Življenje in svet 1929, knj. 5, стр. 437–439.

Kappus Anton, „Lov v južni Srbiji", во: Lovec 1931a, стр. 179–184, 214–223.

Kappus Anton, „Na Vnebovhod ob Lepencu", во: Lovec 1931b, стр. 255–258.

Kappus Anton, „Badnji dan", во: Lovec 1932, стр. 47–49.

Kappus Anton, „Nekaj o kljunačih", во: Lovec 1933, стр. 197–201.

Kappus Anton, „Za šarplaninskimi ovčarji", во: Življenje in svet 1934a, knj. 15, стр. 379–381.

Kappus Anton, „O upadanju divjadi v Južni Srbiji", во: Lovec 1934b, стр. 12–14.

Kappus Anton, „Na Solunsko glavo", во: Življenje in svet 1934c, knj. 16, стр. 19–20, 56–58, 80–82.

Kappus Anton, „Ali je bil Karel May na Balkanu", во: Življenje in svet 1935a, knj. 17, стр. 159–161.

Kappus Anton, „Kozarevo", во: Življenje in svet 1935b, knj. 17, стр. 460–463.

Kappus Anton, „O Laramanih pod Lokmo", во: Življenje in svet 1936a, knj. 19, стр. 243–245, 259–260.

Kappus Anton, „O ostankih suženjstva v Južni Srbiji", во: Življenje in svet 1936b, knj. 19, стр. 316–318.

Kappus Anton, „Na Sokolovcu", во: Lovec 1937a, стр. 59–62.

Kappus Anton, „Na Ohridsko jezero", во: Lovec 1937b, стр. 323–328.

Kappus Anton, „Nekaj podatkov o ribištvu v vardarski banovini“, во: Ribiško-lovski vestnik 1937c, стр. 128–139.

Kappus Anton, „Od Ohridskega jezera“, во: Ribiško-lovski vestnik 1938a, стр. 69–72.

Kappus Anton, „Na Drimu“, во: Življenje in svet 1938b, knj. 24, стр. 134–135.

Kappus Anton, „Proščenje v Višnjah“, во: Življenje in svet 1938c, knj. 24, стр. 8–9.

Kappus Anton, „Bogojavljenje“, во: Življenje in svet 1939, knj. 25, стр. 40–42.

Kappus Anton, „Rostuša“, во: Lovec 1947, стр. 249–260.

Kappus Anton, „Deanova strugara“, во: Lovec 1953, стр. 173–181.

Kappus Anton, „Ropar sulec“, во: Ribič 1959, стр. 84–86.

Kržišnik-Bukić Vera, O Slovencih na območju Jugoslavije izven Slovenije po popisih prebivalstva 1921-1991, Razprave in gradivo, Inštitut za narodnostna vprašanja v Ljubljani, 26–27, Ljubljana 1992.

Kurkina Ljubov V., „Pannonskaja problematika v trudah V. Oblaka“, во: Vatroslav Oblak, Mednarodni simpozij, Obdobja 17, Ljubljana 1998, стр. 13–21.

May Karl, Po deželi Škipetarjev, zv. 1-4, V Mariboru 1932.

Oblak Vatroslav, „Macedonische Studien“, во: Sitzungsberichte der Philosophisch-historischen Classe der Kaiserlichen Akademie der Wissenschaften, Wien 1896, стр. 1–156.

Rusić Branislav, Novak Vilko, „Slovenci v Bistrenici v Makedoniji“, во: Traditiones 2 (1973), стр. 177–202.

Sorč Ervin, Skrivnosti Bohinjskega predora, Ljubljana 2006.

Sušnik Anton, Šarabon Vinko, Vojska na Balkanu 1912/13, Ljubljana 1914.

Zedtwitz Franz Graf, Zaubervoller Balkan: Südost-Europa zwischen gestern und morgen, Berlin: Ullstein 1937 (со 47 фотографии).

Zupanič Niko, „Macedonija. Etnografska skica“, во: Zbornik znanstvenih in poučnih spisov, 1904, стр. 71–101.